ЈОУДГ „МИЛО МОЕ„- Чучер Сандево
Јавна Општинска Установа за деца –Детска Градинка „МИЛО МОЕ„- Чучер Сандево
Улица1 број 11 а Чучер Сандево телефон 072- 250- 194 email:gradinka_milomoe@yahoo.com
www.milomoe.mk

# **Г О Д И Ш Е Н И З В Е Ш Т А Ј**
# **ОД РАБОТАТА НА ЈОУДГ „МИЛО МОЕ„- Чучер Сандево**
# **за 2023/2024 година**

Чучер Сандево, Јуни 2024

Содржина

1. Вовед.........................................................................................................................2

2. Појдновни основиза изготвување на годишниот извештај..............................................5

3. Организација, внатрешно уредување  и услови за работа...............................................6

4. Организација, внатрешно уредување во детските јасли и детската градинка................13

5. Реализација на програмите за воспитната образовна работа.........................................36

6. Реализација на програмите на директорот.....................................................................46

7. Реализација на програмите на стручните работници.....................................................49

8. Матријална  и финасиска политика...................................................................................53

.

9. Финасов план за приходи и расходи ...................................................................................55

10. Педагошка евиденција и документација..........................................................................57

11. Реализација на приоритетни задачи ..................................................................................58

.

12. Заклучно согледување ...........................................................................................................60

**1.Вовед**

Јавна општинска установа за деца детска градинка„МИЛО МОЕ„- Чучер Сандево општина Чучер Сандево , Советот на општина Чучер Сандево на својата 23 та седница на ден 30 .09. 2019 година има донесено одлука за основање на ЈОУДГ„МИЛО МОЕ„- Чучер Сандево, а на својата 25 седница на ден 27.11.2019 година Советот на општина Чучер Сандево донесе одлука за давање и користење, одржување и управување на објект од акт за оснивање на ЈОУДГ„МИЛО МОЕ„- Чучер Сандево, на истата седница донесен е и Акт за основање на ЈОУДГ„МИЛО МОЕ„- Чучер Сандево . Врз основа на одлуката и актот за оснивање и извршениот увид од страна на МТСП министерот за Труд и социјална политика дава позитивно мислење за отпочнување со работа и решение за вршење на дејност згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст на ден 05.12.2019 година.

Согласно националната класификација на дејности Јавна Општинска Установа за деца Детска Градинка „МИЛО МОЕ„- Чучер Сандево, Општина Чучер Сандево , врши претежна дејност 88.91 утврдена во НКД како Дејност на дневна социјална заштита на деца .

Дејноста во детската градинка ќе се остварува согласно Програмата за рано учење и развој ( Службен весник на РМ бр. 46/14).

Годишниот извештај за работа, претставува законска и статуирана обврска и ја презентира состојбата во врска со организацијата и реализација на целокупната дејност во детските градинки како организиран вид за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст.

Добро организирано воспитание и образование на децата од предучилишна возраст претставува концепт кој треба да биде заснован на добри и јасно прецизни принципи од причини што овој сегмент од детското воспитание и образование е од голем општествен интерес , од таму се е насочено кон подобрување на условите за практична апликација

на хуманистичкиот педагошки- психолошки правец кој е во функција на развој на хумана креативна слободнна и мотивиречка личност.

Својата работа градинката ЈОУДГ„МИЛО МОЕ„- Чучер Сандево , во општина Чучер Сандево ја засноваше на почитување на законските , статутарните и програмските регулативи како и најновите педагошки и психолошки сознанија , основната дејност згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст се реализираше преку згрижување , престој, нега , исхрана , воспитание , образование , спортсо рекреативни културнозабавни активности , мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето на интелектуалниот емоционалниот , физичкиот , металниот и социјалниот развој на детето, создравање на поиквалитетни услови за престој на деца од 9 месеци до 6 годишна возраст односно до поаѓање во училиште. За таа цел , во текот на изминатата година се користеа Основит на програмата за воспитно образовната работа со деца од предучилишна возраст и имлементација на Стандардите за рано учење и развој на деца од 0 до 6 години

Основна цел на работата на градинката е да реализира програми и активности кои ќе им помагнат на децата да ги достигнат своите потенцијали . Градинката непосредно по семејството е место каде ппродолжува поцесот на градење и усвојување на вредностите.Холистичкиот пристап, на кој се базира развојот и учењето на детето од предучилишна возраст се однесува на обезбедување безбедна и сигуран околина за учење и развој зајакнување на развојната подготвеност за училиште како и форммирање правилни навики за заштита на здравјето на детето.

Раните години се темелот врз кој се градат отворените општества тие нудат уникатна можност за обликување поздрави по просперитетни стабилни и парципативнии општества.

## 2. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

Годишниот извештај за работа е од јавен карактер и е изгготвен согласно тезите поставени од Министерствцото за труд и социјална политика – Сектор за заштита на деца

Како појдновни основи, односно извори за податоци за состојбата во врска со остварување на дејноста во постапката за изготвување на Годишниот извештај за работата на детската градинка , користени се:

- Закон за заштита на децата (*Службен весник на РМ,бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18,104/19,146/19,275/19,311/20,294/21,150/22,220/22,236/22,154/23 и 68/24*;)
- Статут на ЈОУДГ„МИЛО МОЕ„- Чучер Сандево
- Годишна програма за работа на Детска градинка за 2023/24 година
- Програма за рано учење и развој базирана на СРУР кај деца од 0 до 6 годишна возраст – документ изработен од МТСП*(Службен весник на РМ, бр. 46 од 06.03.2014 година*
- Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дјноста на детската градинка (сл. Весник на РМ бр 35/2009)
- Одлуката за утврдување на мрежата на јавните установи за деца-детски градинки, донесена од Владата на РМ (*Службенвесник на РМ,бр.28/05*);
- Програма за рано учење и развој базирана на СРУР *(Службен весник на РМ, бр. 46 од 06.03.2014 година)*
- Стандарди за рано учење и развој за децата од 0-6 години;
- Условите што ги обезбедува детската градинка за реализирање на целите, задачите и програмските содржини
- Нови форми и содржини за опфат на децата заради правилен психовизички разовј на децата од непосредна околина што не се опфатени со постојани форни на згрижување, воспитание и образование

- Позитивни искуства и резултатаи што ги постигнала детската градинка во изминатава година на полето воспитно- образовна работа

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА, ВНАТРЕШНО УРЕДУВАЊЕ И УСЛОВИ ЗА РАБОТА

### 3.1 Организациона поставеност

| Профил на стручност | Вид на образование | Број на вработени | Работен статус |
|---|---|---|---|
| Директор | ВСС/VII1 | 1 | определено |
| Педагог | ВСС/VII1 | 1 | неопределено |
| Воспитувач-приправник | ВСС/VII1 | 2 | неопределено |
| Воспитувач | ВСС/VII1 | 1 | неопределено |
| Негувател-приправник | ССС | 4 | неопределено |
| Неговател | ССС | 1 | неопределено |
| Неговател | ССС | 1 | Определено Агенција за привремени вработувања |
| Сметководител-помлад референт | ССС | 1 | неопределено |
| Главен готвач | ССС | 1 | неопределено |
| Помошник готвач | ССС | 1 | неопределено |
| хаусмајстор | ССС | 1 | неопределено |
| хигиеничар | ССС | 2 | неопределено |
| вкупно | | 17 | 14 нопределено<br>1 мирување<br>2 определено |

**Табела 1 Преглед на број на вработени според профил на стручност**

Во установата се застапени следниве профили кој ја извршуваат раководната стручната
арминистративно техничката и непосредната рабоота со деца.

Целта на Установата е да ја подобри квалификацијатав и структурата на сите профиле кои ја извршуваа непосредна рабта со деца сето тоа го гаранираат стручни лица со стекната лиценца за работа ва Јавна детска градинка , воспитувачи негователи, стручни работници .

- **Работно време и структура на вработените во градинката**

Работното време на детската градинка започнува во 06: 00 часот и завршува 18: 00 часот во тој временски интервал родителите можат да ги носта децата во градинка секој спорд своите потреби со тоа што настојуваме приемот да биде до 8 30 часот за да може децата да ја следат секојдневната програмна заедно со своите другарчиња.
Работното време на вработените во установата е регулирано со статутот на установата , одлука на директорот за работно време и систематизација во која што се навдени описот и работните задачи според работнно место во рамките на 40 часовна работна недела , распоредот на работно време за вработените го утврдува директорот на детската градинка

- **Просторни усови и опременост на објектот**

Објектот се наоѓа во с.Чучер Сандево, општина Чучер Сандево со нето корисна површина на објектот од 960 м$^2$ и ограден двор од 7.000 м$^2$. Располага со капацитет за згрижување на 110 деца, кои ќе бидат опфатени во 5 групи.

Објектот располага со следните простории:

- **<u>Простории за деца</u>**

- Занимална-241,25 м$^2$
- Гардероби-45,75 м$^2$
- Санит.-занимални-26,20 м$^2$
- Ходник-61,60 м$^2$
- Ветробран -4,35 м$^2$
- Санит.чвор-тераса-10,40 м$^2$

- Санит.чвор-воспит.-4,30 м$^2$
- Гардероби-воспит-21,83 м$^2$
- Тераса-163,41 м$^2$
- Пацио градина-48 м$^2$
- Затворен повеќенаменски простор-45 м$^2$

❖ **<u>Заеднички простории</u>**

- Прием на деца-лоби-59,39 м$^2$
- Ветробран-9,57 м$^2$
- Повеќенаменски простор 66.97 м$^2$

❖ **<u>Административни простории</u>**

- Канцеларија за сручен кадар -8,23 м$^2$
- Канцеларија за медицинско лице со изолација на дете-8,50 м$^2$
- Канцеларија за директор-11,70 м$^2$
- Канцеларија за книговодител-благајник 9,88 м$^2$
- Санитарен чвор за вработени-8,92 м$^2$

❖ **<u>Економско-технички простории</u>**

- Простор за домар со работилница -9,43 м$^2$
- Магацин за храна 9,52 м$^2$
- Простор за хигиеничар со хигиенски шпајз-4.88 м$^2$
- Перална-4,88 м$^2$
- Пеглање, складирање на чиста облека 4.88 м$^2$
- Кујна со приракчен магазин 25,02 м$^2$
- Млечна кујна со сервирање на храна 9,79 м$^2$
- Ветробран на службен влез 10,38 м$^2$
- Ходник кај админ.простории-11,73 м$^2$
- Ходник кај економ.простории -10,08 м$^2$
- Котлара 4,37 м$^2$

Градинката „МИЛО МОЕ” својата дејност ја извршува во еден објект кој се наоѓа во Чучер Сандево на ул.1 бр 11а. Градинката располага со пет занимални од кои една е занимална за деца од јаслена возраст. Таа е опремена со хромирани креветчиња за мали деца и со дрвени креветчиња за малку поголеми деца и избор на дидактички и игровен материјал неменет за деца од оваа возраст.

4 занимални се наменети за престој на деца од 2-6 годишна возраст - градинка кои располагаат со креветчиња, специјално дизајнирани за предучилишните установи и дидактичко - игровен материјал, катчиња за поттикнување на развојот на децата;

- трпезарија во која се сервира оброкот на децата од сите воспитни групи;
- повеќенаменска сала која се користи за реализирање на активности од музичко воспитание, физичко и здравствено воспитание, приредби и други заеднички манифестации за и од децата и за вработените;
- една канцеларија за одржување состаноци
- еден кабинет за вршење на систематски прегледи.
-канцеларија за директор
-канцеларија за административни работници и за стручниот кадар

Воспитно образовната и згрижувачка дејност во детската градинка„МИЛО МОЕ„ се реализира во еден објект кој е матичен се реализираше во една јаслена од 0 до 2 годишна возраст,една хомогена група (прва мала ) од 2 до 3 годишна возраст и две хетерогени групи од од 3 до 5 годишна возраст и од 4 до 6 годишна возраст односно до поаѓање на училиште. Воспитната година започна на 1ви септември со 89 деца во 2 до3 години 17 деца јаслена група 18 деца и двете хетерогени групи по 27 деца.

Објектот е наменски изграден за вршење на дејноста која се реализира што подразбира дека ги исполнува стандардите и нормативите пропишани за организирање на престој на деца . Оваа година од министерство за Труд и социјална политика добивме дозвола за уште една воспитна група односно прва мала во која се згрижуваат 25 деца , но поради потребата на населението од

услугите кој ги дава детската градинка со одлука од советот на Општина Чучер Сандево се зголеми бројот на деца кој може да се згрижуваат во детската градинка на 110 деца

Занималните во кој престојуваат децата од јаслена возраст до 6 годишна возраст се опремени со дидактиички средства , разни видови играчки конструктивен и друг материјал согласно со возраста на децата и преставува подготвена околина за стимулирање и правилен раст и развој на децата .

Опременоста со современи средства и помагала, аудиовизуелни и акустични средства задоволува .Градинката располага со следните технички средства ,музички систем во сите воспитни групи, караоке звучник, телевизор, апарат за пластифицирање, компјутери, лап топ во делот на администрација и управа , лаптопи за секој воспитувач ЛСД проектор , фотокопири црно бели и фотокопир во боја, табла со орфови музички инструменти и трамболина.

Градинката располага со библиотека и библиотечен фонд кој што е сместена во холот на храдинката .Библиотеката располага со стручна литература која опфаќа содржини од дидактика , развојна психологија , музичкото воспитание ликовното воспитание и содржини од воспитно образовната практика и се достапни на кој што им се потребни за едукација и самообразование.

Библиотеката располага со броеви на списанијата , росица , истата постојано се збогатува со нови изданија од новите издавачки куќи за деца и детска литература

























Во периодот 2023 и 2024 година за подобрување на условите во детската градинка е реализирано и следново

се спроведени следниве јавни набавки

-Јавна набавка за храна

-Јавна набавка за привремени вработувања

-Направена е набавка на ситен инвентар како дополна во кујна(вангли,лажици,вилушки,бокали,чаши,шољи за кафе и др.)

- средства за хигиена

-набавка на дидактички материјали и стручна литература

-Набавка на трамболина и базенти за во дворот на градинката

- уредување на дворна површина со зимзелени дрвја и цвекиња

-набавка на униформи и кломпи за работа

-набавка на канцелариски материјал

- набавка на правосмукалка

- набавка на музички орфови инструменти

- отварање на економски влез

Дворната површина на детската градинка е доста функционална , разеленета има засадено дрва , цвеќиња.

## 4. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ВО ДЕТСКИТЕ ЈАСЛИ И ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

- **Број на деца и групи**

Со почетокот на учебната 2023/24 година во градинката опфатени се вкупно 89 деца распоредени во една јалена група и три воспитни групи но во текот на годината бројката на запишани деца достигна и до 114 деца.

**Табела број 2 Приказ на број на деца по објекти**

| Воспитна група | норматив | октомври | август | Над капацитет |
|---|---|---|---|---|
| 0-2 години | 10-12 деца | 18 | 28 | 16 |
| 2-3 години | 12-15 деца | 17 | 23 | 8 |
| 3-5 години | 18-20 деца | 27 | 30 | 10 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4-6 години | 18-20 деца | 27 | 33 | 13 |
| | | | | |

Низ горе наведениве табели може да се забележи дека структурата на групите според возраста на децата е над нормативот и законската регулатива , но со добивање на согласност од општината за работа со поголем број на деца од утврдените стандарди и нормативи на правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејност на установите за деца , градинката работи со зголемен број на деца.
Во однос на формата на престој постојат два вида на престој - целодневен престој и полудневен престој

Учебната година 2021 /2022 заврши со вкупно 82 деца од кои 30 беа над предвидените услови и капацитет за престој на децата во објектите

Учебната година 2022/2023 заврши со вкупно 84 деца од кои 32 деца беа над предвидените услови и капацитети за престој на децата во објектите

Но сепак неможноста да се излезе во пресрет на сите родители кои чекаат да се ослободи место за упис на нивното дете во градинката беше проблем за Комисијата за прием на деца во детска градинка

За состојбата со листата на чекање беа известени општина Чучер Сандево и МТСП

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЕВКУПНАТА РАБОТА НА ДЕТСКИТЕ ЈАСЛИ**

Во текот на учебната 2023/2024 година во детската градинка МИЛО МОЕ- Чучер Сандево згрижи вкупно 28 деца од една јаслена група

Табела број 3 јасли и број на негователи

| објект | Број на јаслени групи | Број на деца во група | Број на негователи |
|---|---|---|---|
| матичен | 1 | 28 | 3 |

Работните задачи за нега и грижа, преветивно здравствена- заштита на децата и унапредувањето на хигиенско здравствени услови за престој

на децата и воспитно- образоввниот дел  со деца од 9 месеци  до 2 години ги реализираа негователи  со единствена цел  за  поттикнување на

- ✓ Физичко здравје и моторен развој-нега, поттикнување на развој на движењата поттикнување на развој на моториката, стекнување на навики)
- ✓ Социоемоционален развој(поттикнување и негување на природата на децата за истражување, поттикнување на развој и стекнување на различни сетилни искуства, поттикнување на развој на говор и комуникација, проширување и стекнување на нови поими од опкружувањето)

  Планирањето  се спроведуваше месечно  со насоки за игровни активности

  - Програмските содржини се планираа и се реализираа низ природни (животни) ситуации почитувајќи ги потребите на децата  на соодветна возраст. Негователите ги негуваа, поттикнуваа спонтаните изрази на однесувањето на детето во однос  на неговата непостоечка околина.
  - Во создавањето на половата воспитна средина посебно место имаа игровните активности со децата, кои на таа возраст имаа воглавно функционален карактер и се однесуваа на манипулирање со предмети заради совладувањето на просторот и запознавање со предметите,
  - Редеовно се вршеше дезинфекција на просториите  во кој престојуваат децата како и дезинфицирање на играчките и предмети со кои децата доаѓаат  во допир.
  - Соработката во семејството во однос на перманентно информирање за развојот на детето за организација  на животот во групата , за активностите кои се реализирани со децата, како и за актуелните прашања и проблеми поврзани со нега и здравствената состојба на децата.

**Табела 4 -Организација на дневните активности на децата до 18месеци**

| Р. број | Активности | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1. | Прием на децаи слободни активности | од 6 до 8:15ч |
| 2. | Подготовка за појадок и појадок | 8:15ч |
| 3. | Реализација на дневното планирање | 9:00ч |
| 4. | Ужинка | 10:00ч |
| 5. | Тоалет и подготовка за спиење | 10:20ч |
| 6. | Пасивен одмор-спиење | 10:50ч |
| 7. | Тоалет, подготовка за ручек | 12:50ч |
| 8. | Ручек | 13:10ч |
| 9. | Миење раце и тоалет | 13:40ч |
| 10. | Слободни игри и престој на воздух | 14:00ч |
| 11. | Ужина | 15:00ч |
| 12. | Реализација на дневното планирање | 15:30ч |
| 13. | Слободни игри | 16:00ч |
| 14. | Заминување на децата | До 18:00ч |

**Табела 5 Организација на дневните активности на децата над 18 до 24месеци**

| Р. број | Активности | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1. | Прием на деца и слободни активности | од 6 до 8:15ч |
| 2. | Подготовка за појадок и појадок | 8:15ч |
| 3. | Реализација на дневното планирање | 9:00ч |
| 4. | Ужинка | 10:00ч |
| 5. | Слободни и игри и престој на свеж воздух | 10:30ч |
| 6. | Тоалет, подготовка за ручек | 11:30ч |
| 7. | Ручек | 12:00ч |
| 8. | Пасивен одмор, спиење | 12:45ч |
| 9. | Ужинка | 14:45ч |
| 10. | Реализација на дневното планирање | 15:10ч |
| 11. | Слободни игри | 15:30ч |
| 12. | Заминување на децата | До 18:00ч |

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЕВКУПНАТА РАБОТА ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКА

Реализацијата на воспитно образовната програма со децата од градинка се одвиваше во 3 воспитни групи. Во сите воспитни групи се реализираше програмата за ран детски развој базирана на стандардите за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години е воден од следните принципи

- На сите деца без разлика на полот етничката и религиозна припадност,социо-економската и културолошките разлики како и различните здравствени и посебни потреби треба да им се овозможи влез во образовниот систем.
    - Сите деца можат да учаат
    - Децата најдобро учат низ игра
    - Средината во која што учат децата ја потинуваат љубопитноста и е во согласност со нивните физичкии и емотивни потреби со цел да се чуствуваат безбедно
    - Заедничко делување на семејството и заедницата во потикнување на развој на рано учење кај децата
    - Сите деца имат потенцијал да постигнат најголем дел од очекуваните стандарди во одредена возраст со соодветна подршка  инструкции и стимулација на развојот на раното учење .
    - Холистички пристап воспитување и образование кон секое дете

**Табела 6 –распоред на активности во текот на денот**

| Целодневен престој и активности | Време | |
|---|---|---|
| Прием на децата и игри по избор на децата | Од 06:00 часот | До 08:15 часот |
| Утринска гимнастика | Од 08:15 часот | До 08:30 часот |
| Подготовки за појадок и појадок | Од 08:30 часот | До 09:00 часот |
| Реализација на дневно планирање | Од 09:00 часот | До 09:30 часот |
| Слободни активности | Од 09:30 часот | До 10:00 часот |
| Претпладневна ужина | Од 10:00 часот | До 10:30 часот |
| Слободни активности,игри, прошетки и престој на воздух | Од 10:30часот | До 11:30 часот |
| Тоалет , подготовка за ручек | Од 11:30 часот | До 12:00 часот |
| Ручек | Од 12:00часот | До 12:45часот |
| Тоалет и подготовка за спиење | Од 12:45 часот | До 14:45 часот |
| Ужина | Од 14:45 часот | До 15:10 часот |
| Реализација на дневно планирање | Од 15:10 часот | До 15:30 часот |
| Слободни игри(факултативни) | 15:30 часот | До 17: 30 часот |
| Средување на занималните, слободни игри и испраќање на децата | 17 :30 часот | До 18 :00 часот |

Воспитно- образовната работа со деца на возраст од 2 до 6 години ја реализиаше воспитувач со асистенција на неговател.

Воспитувачот е креатор и истражувач на својата работа. Неговата работа во градинка се состоеше од: следење на детскиот развој групно и индивидуално, почитување на детските индивидуални разлики, создавање на стимулативна

средина за учење , мотивирање на децата за различни видови на активности , поттикнување на децата кон истражувачки, откривачки, креативни процеси , развивање елементарна способност за самовреднување кај децата , водење (бележење на постигнати резултати кај детето) Досие на детето, градење партнерство со семејството, следење и вреднување  на воспитно- образовен процес.

**Табела број 7 број на групи –број на групи- градинка и воспитнозгрижувачки кадар**

| објект | Број на групи | Број на деца во група | Број на воспитувачи | Број на негователи |
|---|---|---|---|---|
| матичен | 3 | 77 | 3 | 3 |

Наведените тематски целини се реализира низ планирани разработени теми , содржини , активности кој беа дел од активностите на активот на воспитувачи, планирањата ја следеа возраста на децата, различното ниво на развој индивидуакнатат работа со деца ,актуелностите во околината, остварувањето на соработката со родителите и средината.

Основните тематски целини кој се реаллизираа во текот учебната 2023/2024 година се

| тема | Месец на реализација |
|---|---|
| Јас во градинка- ајде да се запознаеме | Од 01.09 до 02.10.2023 година |
| Ајде да ја запознаеме татковината | Од 02.10 до 03.11.2023 година |
| Златна Есен | 0д 06.11 до 15.12.2023 година |
| Зима | Од 18.12. 2023 година до 02.02.2024 година |
| Мојот чудесен свет | Од 02.02 до 08.03.2024 година |
| Пролет | Од 11.03 до 03.05.2024 година |

| | |
|---|---|
| Заедно сме посилни | 03.05 до 10.06.2024 година |
| Лето | 11.06 до 31.08. 2024 година |

Преку реализација на сите теми поединечно според месеците на расподелбада кај деца се овозможува да се постигнат следниве развојнии цели:

- Говорна комуникација
- Развивање на говорни вештини
- Помнење
- Ликовно творење
- Пеење
- Препознавање на бои
- Подигање на свеста за чиста средина
- Осознавање на празниците и обоичаите
- Развивање на натпреварувачки дух
- Хигиенски навики
- Развивање на моторика и движење на просторот
- Запознавање со професиите
- Правилно однесување

  Сето ова има цел да се постигнне правилен и нормален развој на дечињата.

Воспитувањето и образованието на децата на возраст од 2 до 6 години е продолжение на домашното воспитување и како такво е отворено за соработка со родителите .

Слободните активности како форма на посредно воспитно влијание на сочување и следење на детскиот развој се организира секојдневно овозможувајќи му на секое дете слободно да игра да се изразува како индивидуа да твори и фантазира да игра и соработува со други деца да ги проверува потврдува и изградува своите способности и можности . Истите се реализираа во утринските часови пред и по организираните активности , пред ручекот после поладневниот одмор во катчињата во дворот и на други места по избор на воспитувачот и децата).

Во темите за работа се имплементирани и проектите од МТСП :

- **Рециклирање со имагинација**

Со овој проект се врши едукација на децата од предучилишна возраст за бенефитите од селектирањето на отпадоци и неговото рециклирање , иницијативата на овој проект е општа култура на новите генерации во знаење дека животната средина е клучна вредност која треба да биде заштитена, здравиот начин и свеста за проблемите за живиотната средина за кој треба да сугерираме за поголемо внимание и почитување на правилата за заштита на светот и неговите ресурси .Проектот ќе се реализираше од 3 до 6 годишна возраст

**Придобивки од проектот Рециклирај со имагинација** во текот на реализација на проектот децата научија као правилно се рециклира отпадот и за какви намени потоа може да се искористи со што се намалува количината на мешан отпад воедно децата осознаа што се добри животни навики и каква корист се има од нив.

- **Моја хигиена – моја навика**

Со имплементација на овој проект се исполнуваат основните програмски претпоставки за заштита односно згрижување и едукација на децата од предучилишна возраст до вклучување во основното образование.Грижата за хигиена е една од основните мерки за зачувување на здравјето.

**Придобивки од проектот моја хигиена моја навика**

Преку реализација на воспитно образовниот процес предвиден во програмата се обезбедува запазување на потребното ниво на хигиена и навиките за водење на лична хигена. Во проектот ќе бидат вклучени деца од 2 до 6 години со реализација на проектот се постигнати низа цели како начинот на кој се одржува личната хигиена и прпознавање на матријалите и средствата за одржување на истата во текот на проектот се потикнуваше и развиваше мисловниот процес како и способност за искажување и опишување на личните доживувања .

- **Семејство**

Во текот на континуирано спроведување на проектот децата научија да ги почитуваат вредностите на семејствата бидејќи во семејствата се раѓаме ги споделувам првите радости, солзи ги усвојуваме животните навики се подготвуваме за животните и егзистенцијални потреби, учиме да сакаме,

почитуваме се воспитуваме за моралните норми и вредности.Семејството е суштинско коренот на секој човек семејството е место каде детото треба да се чуствува безбедно, сакано и прифатено .Семејството е и ќе остане најважен столб основа за секое дете, а сложното семејство основа за развивање за растење на детето.Во проектот беа вклучени деца од 4 до 6 годишна возраст , воспитно згрижувачки кадар ,родители.

**Градот низ детските очи**

Запознавањето , распознавањето и именувањето на карактеристичните обележја на својата култура , институциите и знаменостите кој го бележат минатото се реализираше пеку проектот Градот Скопје низ детските очи .Целна група беа деца од 4 до 6 години .

**Остварени цели на проектот**

- развивање, љубов, интерес,чуство на патриотизам , почитување, грижа и одговорност кон сопственета татковина, народ, родното место , местото на живеење.
- Запознавање со културното и историското богаство на својот народ и својата татковина, какао и да им се наметнат навики за негово перманентно чување и збогатување.

- **Бон – Тон во градинка**

Бон тон претставува кодекс на однесување на кој треба да се придржува секој припадник на општеството , правила на убаво и пристојно однесување во било која ситуација, тој не учи како треба да се однесуваме изразуваме и комуницираме во секој момент и зборува за нивото на развиеност на нечија култура . Бонтонот за децата бара низа постапки кои се бараат од нив да ги направат.Правилата на однесување кој детето ќе ги научи во детството со сигурност ќе ги памти цел живот.Проектот се реализира со деца од 4 до 6 годишна возраст од страна на воспитно згрижувачкиот кадар.

**Остварена цел на проектот**

Едукација на децата од предучилишна возраст за значењето на убавото и пристојно однесување што ке му овозможи полесно прифаќање во општеството и подобар живот.

**Здрави животни навики**

Реализирајќи го проектот на децата во градинка им е овозможена средина во која детето развива здрави животни навики и стекнуваат вештини за препознавање на опасни ситуации и безбедно однесување во околината кај децата се разви самостојност и независност за извршување на секојдневно активности а во едно се зајакна и функционалната комуникација меѓу децата.

- **Градина во детските градинки**

Со олед на тоа дека здравата храна е значајна за правилен раст напредок кај децата , децата беа вклучени во одгледување на некој видови овошја зеленчук , го следеа процесот на растење созревање , учествуваа во приготвувањето и ги конзумираа продуктите .

**Остварени цели на проектот**

- запознавање на децата со поцесот на одгледување на растенија
- запозанавање на децата со некои карактеристики на растенија што ги засадуваат
- запознавање со сличностите и разликите на зеленчукот и овошјето преку воочување и вкусување .
- запознавање на децата со начинот на правилно конзумирање на здрава храна
- запознавање со останатото овошје и зеленчук кое не можат да го засадат и се запознаваат со неговите карактеристики , специфичности и значењето за добро здравје и правилен развој за секое дете

-**Работилници за различност и мултикултурализам**

Преку активностите кој што се реализираа се промовираше почитување на различностите и мултикултурализмот на тој начин што креира услови кој овозможуваа кај децата

- да се развие самодовербата и сигурноста во себе
- прифаќање на различностите и сличностите по било која основа
- препознавање на постапките кои ги повредуваат другите, и да ги разберат последиците од таквите постапки.
-да научат како да реагираат при манифестација на стереотипи, предрасуди, дискриминација насочена кон себе или другите

- **Традиционални игри.**

Традиционалните игри се дел од народната култура и целата на проектот е да се ткаат во современите текови и кај децата да се развие креативен дух и можност да се запознаат нешто ново и поврзано со детството на нивните родители. Беа практикувани традиционални игри со упатство .

**Патронен празник на градинката прв роденден 22.11.2023 година**

**Цел**:Чувство на среќа,припадност на среќа чувство на гордост за постигнатиот успех,

Првиот роденден на градинката го одбележавме со пригодна приредба спремена од воспитно згрижувачкиот тим и стручен тим заедно со децата беа спремени ритмички игри,драматизации и рецитали.Се бираше гардероба за децата се декорираше салата и градинката по тој повод на прославата присуствуваше и министерката за Труд и социјална политика Јована Тренчевска.








**Новогодишна театарска претстава Новогодишни желби 27.12.2023**

**Цел:** Испраќање на старата и дочек на новата година со песна и детска смеаа наши желби дочек на Дедо Мраз.

Од страна на воспитно згрижувачкиот кадар на ЈОУДГ “Мило Мое”-Чучер Сандево беше спремана новогодишна театарска претстава Новогодишни Желби каде учителките и негователките во улога на глумци си дадоа новогодишна театарска претстава за дечињата од градинка и останатите деца од општината пред Домот на културата ОЈУ “Партизански Дом Сандево” за претставата од страна на стручниот тим се напиша текст и заеднички се одбра костими за истата








**8ми Март Меѓународен ден на жената**

**Цел:** Запознавање со значението на празникот поттикнување на децата за активно учество во прославата.Од страна на воспитно згрижувачкиот тим заедно со своите дечиња беше организирана прослава по повод денот на жената каде секоја група пред родителите ја даваше истата приредбата се даваше пред три групи и сите беа различни одговарајќи на возраста на децата на приредбата имаше ритмичка кореографија,драматизација и рецитал се бираше костими за децата и се декорираше салата.

Во воспитната 2023/2024 беа реализирани два проекти активностите од проектите беа реализирани во период од 01.09.2023 до 01.06.2024 година.














**Проект „Патот на медот„**

**Резиме:**

Инспирирани од околината и протоРот од 7000м2 дворна зелена површина во кој е стационирана нашата градинка,іnсектите кои секојденвно ги набљудуваме и по името на групата која е носител на проектот го избравме овој проект Патот на Медот.

Инспирирани од сликовницата „Пчеличката Маја„

Маја е весела малечка пчела која многу ја сака слободата и затоа живее во ливадата. Маја често влегувала во возбудливи авантури заедно со нејзиниот најдобар другар Вили.Ах, Вили! Тој е многу мрзлив и обожава храна! Но тој е најдобриот пријател на светот.

А тука се и другите жители на ливадата: скакулецот Филип, бумбарите Бен и Курт , полжавот Шелби, црвот Макс, мувата Бери, пеперугата Беатрис, бубамарата Лара .

Пчеличката Маја е воодушевена од доаѓање на пролетта , Маја ги носи своите пријатели да ги истражат новите растенија и цутови, да собираат цветен прав кој е потребен да направат мед.

Пчелите се убави и многу полезни мали инсекти . Без нив најголем број растенија не би биле опрашени , што значи не би биле размножувале. А тоа значи дека ќе нема доволно разновидна храна за сите жители на планетата Земја – почнувајќи од најмалиот инсект па се до човекот . Пчелите играат неизменлива улога во природата , но малкумина знаат дека без нив животот на планетата Земја највероватно би згаснал за 4 години. Тие се вистинско планетарно чудо , речиси најстарите жители на планетата Земја без кои нема живот.

Медот кој е целосно природен скапоцен производ од пчелите, луѓето го користеле во исхраната уште од најстарите времиња, кога немало лекари и болници како денес. Медот и другите пчелини производи ( матичен млеч, прополис, пчелин восок…) се чувари на нашето здравје, содржат минерали, витамини, ензими…многу значајни за правилен раст и развој на човечкото тело и многу лековити состојки кои се користат во медицината. Постојат многу докази кои откриваат дека човекот ги употребувал восокот и медот пред 10 000 години.

Уште многу, многу одамна човекот го запознал медот како вкусна посластица но и научил како да ги одгледува пчелите со цел да има многу од ова вкусно задоволство. Најпрво медот го краделе од дивите пчелни семејства во дрвата и карпите.Но набргу почнале организирано да ги одгледуваат овие извонредни инсекти.Лугето почнале да се занимаваат со пчеларство . Пчеларите се луѓе кои одгледуваат пчелки.Тие имаат специјална облека кои ги штити од убодите на пчелите. Пчелките живеат во кошници и се групираат во пчелни семејства.Но не се сите пчелки исти. Во секоја кошница постои една пчелка која се нарекува *матица* ,а исто така ја нарекуваат кралица.Таа е мајка на сите пчелки во кошницата.Во кошницата живеат и машки пчелки кои се нарекуваат *трутови*.Овие пчелки верувале или не воопшто не работат. Највредни се *пчелките работнички*.Токму овие пчелки го собираат сладкиот нектар.

Тие потоа овој сладок нектар го носат во кошницата каде го претвараат во мед. Медот пчелките го собираат во специјални рамки кои потоа пчеларите ги обработуваа и од нив го вадат медот. Внимаваат доволно да остават за пчелите да имаат храна.Исцедениот мед го собираат во тегли.Навистина долг е патот од цветот до теглата со мед.

Во реализација на овој проект ги вклучивме и родителите. Тие заедно со своите деца пчелки помогнаа во реализација на целиот проект.Родителите заедно со своите деца изработија разни здрави колачи од мед помогнаа во изработка на пчелки од различни матријали .

Сметаме дека градинката е посебно пријатна и погодна средина за соработка меѓу родителите, дечињата и воспитно- згрижувачкиот кадар . Нашата градинка се наоѓа во рурана срединакоја располага со дворна површина од 7000 м2, пространство на зелена површина , моногу дрвја и цвеќиња . А кај што има , дрвја,цвеќиња и трева има и многу жив свет односно инсекти.

- **Цел**

Развивање способности за развивање на важноста на сопственото здравје и благосостојба, проширување на знаењето за пчелата како инсект со сите нејзините карактеристики и нејзиното значење за природата. Запознавање со

пчелниот производ мед  и професијата пчелар . Стекнување способности  за воспитување на интеракција со околината преку комбинација на сетилата и моторните вештини . Запознавање со нови поими и претстави , логичко размислување **Главната цел** на проектот е да ги запознае децата со пчеларството и општествената организација на пчелите, како и нивната улога како опрашувачи, како и пчелните производи ставајќи акцент на медот – патот на медот .













**Нашата богата традиција**

**Резиме:**

Предучилишните деца живеат во сегашноста и немаат представа за минатото и за иднината. Децата во секојдневните ситуации спонтано усвојуваат елементи на културната средина на која и припаѓаат, учат за себе а истовремено и за другите култури. Сметаме дека опкружувањето во градинката е посебно погодно место за усвојување и чување на традиционалните вредности. Преку активностите децата се воведуваат во доживување, осознавање и создавање на нашето културно и традиционално наследство. Со пренесувањето на народното творештво ја пренесуваме и традицијата и ги чуваме традиционалните вредности. Од тука наша цел во овој проект беше да ги сензибилизираме децата за откривање, доживување и осознавање на традицијата и традиционалните вредности на средината на која и припаѓаат. Во градинка, заедно со децата и нивните родители, преку обичаите, традиционалните подвижни игри со песна,без песна и зборови, орските народни игри,традиционалните музички инструменти, проза и ракотворбите го чуваме нашето народно и културно наследство.

Преку сите овие активности, настојувавме да ја искористиме секоја можност што ни е достапна за да ги зајакнеме вредностите и верувањата што ни се драги.

**ГЛАВНА ЦЕЛ:**

Да се поттикнува детето да стекнува нови знаења, навики, вештини за традицијата , културата на кој припаѓа и да ја развива љубовта и почита кон својата татковина.

**ПОДЦЕЛИ**

- Да се развива чуство на постоење на културата и јазичната различност
- Да се развиваат способности за стекнување и користење нови информации
- Да се поттикнува да усвојува норми и обичаи во различни средини и ситуации

- Да се охрабрува за изразување на креативноста низ процесот на учење и развој
- Да се запознаваат своите способности и можности за движења
- Да се развива способност за започнување на одредена активност и истрајност во релизацијата до нејзиното завршување.











На ден 31.05.2024 во просториte на нашата градинка се одржа завршна приредба за испраќање на нашите првачиња.Сите дечиња се во одлична физичка кондиција и компетенции,активно учествуваат во животната средина имаат стабилен социоемоционален развој како и пристап кон учење.Комуникациските способности исто така се одлични,когнитивниот развој е потребното ниво и дечињата се спремни за во училиште






Во текот на изминатите месеци од страна на воспитувачите се следеа постигнувањата на децата и се забележуваа во нивните досиеа. Во годината

има 2 оценувања за да се оцени детето треба да се познава 3 месеци и меѓу првото и второто оценување треба да има растојание од 6 месеци.

Во градинката се оценети децата од двете хетерогени групи од (3-5) години и (4-6) години , една хомогена група (2-3) година

Добиените податоци ги рангираme во четри ранга :

- Ранг I - високи постигнувања или најголем број од децата го достигнале стандардот ако скорот е 80 или над 80

- Ранг II – надпросечни достигнувања на стандардот или поголем број од децата го достигнале стандардот ако скорот е од 60 – 79

- Ранг III – просечни или оптимални постигнувања на даден стандард ако скорот е од 30 до 59. Овој ранг би можел да се подели на Ранг III+ ako скорот е помеѓу 45-59 и Ранг III- ако скорот се движи од 30 – 44

- Ранг IV – подпросечни постигнувања – ако скорот е на скалата од 0 – 29 и тогаш велиме дека само мал број од децата ги постигнале стандардите

Според направените анализи се добиени следниве податоци

Хомогена груоа група од 2- 3 години постигнувања на децата по домени и на ниво на група

- Физичко здравје и моторен развој 99,4%
- Социоемоционален развој 87,5 %
- Пристап кон учење 95%
- Јазик , комуникација и разввој на писменост 78%
- Когнитивен развој и стекнување на општи знаења 81%

Постгнувања на ниво на група Ранг 1 - 88.3%

Хетерогена група од 3-5 години постигнувања на децата по домени и на ниво на група

- Физичко здравје и моторен развој 100%
- Социоемоционален развој 99%
- Пристап кон учење 100%

- Јазик , комуникација и развој на писменост 98%
- Когнитивен развој и стекнување на општи знаења 100%

Постигнувања на ниво на група Ранг 1 - 99,4%

Хетерогена група од 4-6 години постигнувања на децата по домени и на ниво на група

- Физичко здравје и моторен развој 100%
- Социоемоционален развој 100%
- Пристап кон учење 100%
- Јазик , комуникација и развој на писменост 96%
- Когнитивен развој и стекнување на општи знаења 100%

Постигнувања на ниво на група Ранг 1 - 99 %

Аритметичка средна вредност на постигнување на ниво на објект е:

М = 95,62%.

Во прилог на Годишниот извештај досатавено е и Годишниот извештај за воспитно образовната работа на воспитувачите во ЈОУДГ „МИЛО МОЕ„- Чучер Сандево за 2023/2024 година и евалвација по стандарди за 2023/2024 година

Во текот на воспитната – образовна 2023/2024 година во корелација со предвидените воспитно образовни теми се пименуваа и сликовниците од програмата „Размислувај еднакво„ наменети за предучилишно воспитание и образование подржано од УНИЦЕФ.

Обрботени се 30 сликовници во двете хетерогени групи од 3 до 6 години.

## 5.РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНА РАБОТА

### А.РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Годишниот извештај е заснован врз годишната програма за реализација на воспитно образовна работа за 2023/2024 година која е донесена од страна на управниот одбор на ЈОУДГ МИЛО МОЕ-Чучер Сандево, а е во согласност со програмата за ран детски развој базирана врз стандардите за рано учење и развој донесена во Март 2014 година како нова програма за воспитно образован работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки. За планираното и реализираното влијание врз се вкупниот развој на детето целите и задачите беа систематизирани и се содржа во планови за работа и тоа во

- Годишниот план за работа во кој се вклучени сите активности што се предвидени во текот на годината
- План за реализација на активности со деца во јаслена возраст
- План за реализирање на воспитно образовна работа со деца од градинката
- План за реализација на додатни програми и проекти
  -Основи на програмата за воспитно образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки програмата се спроведува во сите воспитни групи преку холистички пристап со потикнување на развојот на детето од сите аспекти
  -Програма за ран детски развој базира врз стандардите за рано учење и развој за деца од 0-6години
  -Програмата за рано учење и развој за деца со пречки во развојот базира врз стандардите за рано учење и развој за деца од 0-6години

-План за работа на стручниот совет на детската градинка

- План за работа на советот на воспитувачи и за стручно усовршување на воспитувачите
- План за работа на советот на негователи и за стручно усовршување на негователите
- План за соработка со родители
- План за соработка со основни училишта и пошироката општестевна средина
- План за јавна и културна дејност

**5.1 Реализација на годишниот план за работа во кој се вклучени сите активности што се предвидуваат воо текот на годината**

Предучилишната возраст е период на интезивен развој на детето тоа е период во кој се формират основните квалитети на личноста во кој зависи натамошниот развој на идната личност а со тоа и важноста на организирано создавање на услови за тој развој градинката е првиот чекор вовоспитувањето и образовањето на детето.Успешна воспитно образовна активност со децата претставува разбирање и подршка на нивните можности и чувства потикнување,љубов,топлина и постојани охрабрувања,создавање ситуаци во кои децата можаат да доживеат радост и успех.

Воспитно образовната и згрижувачка година започна со целосно подготвени услови за непречена реализација на однапред утврдена програма за работа и организација на установата.

Во делот на згрижување на децата во воспитните групи имаше потреба од надминување на законската регулатива во однос на бројот на децата за кои добивме и одлука за зголемување на бројот на децата во групите од Советот на Општина Чучер Сандево.

Вработените во градинката ги згрижуваа децата во текот на целиот ден на престој и обезбедува услови во кои се следеа мерките за заштита на здравјето и на децата и на вработените.

Комуникацијата и соработката со Директорот,Управата и Стручната служба се реализираше континуирано во различни форми кои овозможуваа непречена и квалитетна реализација на работата на установата и спроведување на мерките за заштита и кавлитетна реализација на воспитно образовната и згрижувачка работа.

Секој воспитувач ја реализира воспитно образовната работа во својата воспитна група според однапред подготвен план согласно национална програма за ран детски развој.

Тематското планирање се реализираше според однапред испланирани годишни теми во програмата за работа на градинката согласно програмата и стандардите за ран детски равој.

Во текот на годината воспитно негователски кадар беше вклучен во повеќе проекти за кои се реализира дополнителни игровни и едукативни активности со децата.

За успешна имплементација и реализација на воспитно образовните цели и задачи кои произлегуваат од планот и програмата за работа беа применети различни техники и стратеги за работа во кои се употребува дидактички игровни и нагледни средства материјали,реквизити, прирачници, списанија какои современи форми на работа како презентација на видео материјали и користење на интернет алатки.

На сите деца им беа овозможени еднакви услови за правилен психофизички развој социоемоцилна подршка преку обезбедување на позитивна клима и стимулација за развој како и големото влијание грижа, љубов за градење и почитување на детската личност.

Посебно беше истакнато почитувањето и практикувањето на вистинските вредности како хуманоста,емпатијата,солидарноста,прифаќањето на различности во индивидуалните можности и културните карактеристики.

Во оваа учебна 2023/24 година нашата градинка обезбеди оброк(ручек,узина)за децата што посетуваат дневен престој од ООУ„Александар Урдаревски„. Оброците се служеа во просториите на градинката односно мензата .Цената на месецен оброк од ете изнесуваше 1138 денари, по мени утврдено за децата од градинка но со нормативи за училишни деца.

**5.2 Преку реализација на воспитно образовната програма и активности кај децата се влијаеше на развој на следниве аспекти**

- Преку грубиот моторен развој кај децата се воспостави контрола во просторот и рамнотежата,кординација на деловите на телото при одење трчање,скокање качување по скали.Финиот моторен развој кај децата придонесе за равој на попрецизи активности фаќање,закопчување,отварање,затварање.
- Преку социо-емоционалниот равој кај децата се постигна воспоставување, интеракција,со социалната средина и личностите кои ги опкружуваат, децата развиваат перцепција за себе си препознавање и прифаќање на своите емоци, градење на социјални врски, решавање на проблем ситуации,поттикнување на пријатни чувства и создавање на пријатна клима за престој насочена игра во групата со деца, комуникација,почитување и практикување на основните човекови вредности како љубов,почит,внимание,бон тон итн.
- Пристапот кон учење се одвиваше преку развивање на љубопитност и иницијативност, градење на самодоверба, охрабрување насочување на вниманието,поттикнување на самоконтрола и дисциплина,воочување на сопствените можности и способности итн.Децата се стекна со нови знаења и искуства.
- Во рамките на развојот на комуникациските вештини децата постигнаа можности да соработуваат со околината користејќи ги говорните вештини како и логички поврзан говор.Со читање на разна едукативна литература кај децата се развиваше и поттикнуваше љубов кон печатениот материјал и литература за деца се збогатуваше детскиот литературен речник и се потикнува правилниот говор и изговор кај децата.
- Во рамките на когнитивниот развој и општите знаења кај децата се развива логиката и размислувањето,истражувањето и откривањето на нови знаења,умеења и навики. Добива и стекнува информаци за средината преку набљудување и манипулирање

осознава за човекот како живо општествено суштество ,природта која ги опкружува неживата природа,демонстрира способности да разликуваат звуци гласови како и музички активности со пеење, слушање, следење, ритам и разни форми на визуелна креативност.

## 5.3 Реализирани активности и содржини од јавна и културна содржина во објектот

Септември

- Добро ни дојдовте во градинка
- 8 Септември ден на независноста на РСМ
- 9 септември ден на бабите и дедовците(традицинални игри)
- 20 Септември ден на пензионерите
- 22 Септември ден без автомобили
- 28 Септември ден на срцето- Љубов за сите

Октомври:

- Детската недела
- Денот на детето
- 4 Октомври – ги сакам животните
- 5 Октомври Светски де на учителот
- Хумунитарна акција
- 11 Октомври ден на Народното востание на Македонскиот народ
- 15 Октомври – Светски ден на миење раце и пешачењето
- 16 Октомври – Ден на здрава исхрана
- 20 Октомври – ден на јаболкото
- 25 Октомври- Тиквијада
- 28 октомври ден на цртаните филмови-

- 31 Октомври ден на штедењето
- Театарска претстава АРТ КУЛТ УРА- Енко Еко роденденко

Ноември:

- 13 ноември – одбележување на роденденот на нашиот град
- 15 Ноември- денот на книгата
- 17 Ноември – Одбележување на денот на општина Чучер Сандево
- 21 Ноември Патронен празник на градинката
- Испраќање на есента

Декември:

- 3 декември- меѓународен ден на лица со посебни потреби
- 8 Декември Св . Климент
- 15 декември Светски ден на чајот
- Новогодишна претстава со АРТ КУЛТ УРА
- Новогодишна театарска претстава со персонал
- Новогодишни празнувањеа(новогодишна работилница со родители и новогодишен базар)

Јануари:

- Одбележување на Бадник. Божиќ, Василица,Водици
- 18 Јануари Светски ден на Снешкото

Февруари:

- 14 Февруари – св Трифун

Март:

- Изработка на мартинки
- 2 Март светски ден на книгата
- Изработки на осмомартовски честиткии нивно подарување со употреба на учтиви зборови
- -Денот на жената
- 21 Март Денот на пролета
- 21 Март светски ден на лица со Даунов Синдром
- 22 Март Меѓународен ден на водата
- 27 Март – Светски ден на театарот
- Одбележување на Бели поклади - Прочка

- Изработка на маски

Април:

- Одбележување на денот на шегата
- 2 Април меѓународен ден со аутизам
- 7 Април денот на задравјето
- 22 април Одбележување на Ден на планетата Земја
- Велигденска работилница, велигденски базар
- 29 Април Светски ден на танцот
- Куклена театарска претстава Другарство

Мај:

- 3 Мај – денот на Сонцето
- 5 Мај денот на Македонската азбука
- Оддбележување на народни обичаи и прослави по повод нашиот најголем христијански празник „Велигден„
- 6 Мај - Ѓурѓовден
- 15 мај  Меѓународен ден на семејството
- 24 Мај денот на македонските просветители Кирил и Методиј
- 28 Мај денот на пеперутките
- 20 Мај денот на пчелите
- 20 Мај Денот на Македонските пожарникари
- Презентација на проект„Нашата богата традиција„
- Презентација на проект „Патот на медот„
- Завршни приредби

Јуни

- 1 Јуни Светскиот ден на детето
- 8 Јуни Светски ден на најдобрите другари
- 8 Јуни денот на моријњата и океаниите
- 13 Јуни- Спасовден
- 15 Јуни – Денот на татковците
- 24 ти Јуни – Денот на штрковите

### 5.4 Соработка со пошироката и општествена средина и стручните институции

Од поширoката општествена средина имавме соработка со:

-Општина Чучер Сандево предводена од градоначалникот Сашко Комненовиќ.
-ООУ “ Александар Урдаревски “
-ОЈУ Дом на култура “Партизански дом” Сандево
-ПЗУ Д-Р КМЕТОВСКА
-Аптека “Тилија”
-ПЗУ "БИА ДЕНТ"
-ЈКП “СЦГ”
-ЈОУДГ “11 Октомври”
-Нула отпад
-Здружение на пчелари на РСМ
-КУД Александар Урдаревски
-КУД Плетеница
-ПОУ Кирил и Методи с.Побожје
-АРТ Култ-ура Снежана Коневска-Руси
-НУ Ансамбал Танец
-Мтсп
-Ад Македонски Пошти
-Фабрика за слатки Свислион
-Златно славејче
-Противпожарна бригада на град Скопје
-Стопанска Банка
-Театар Провокација

### 5.5 Соработка со родителите/старателите

Соработката со родителите беше остварена во континуитет во текот на изминативе месеци во вид на родителски средби, секојдневни кратки средби преку работилници посветени на Здравата храна 13 ноември, Го градиме

нашиот град Скопје, Манифестација Тиквијада, Светски ден на штедењето,17 Ноември денот на Општината,Патронен празник на градинката,Новогодишна работилница, Новогодишен Базар, Новогодишна Манифестација, Музички инструмненти од рециклирачки материјал,8ми Март Меѓународен ден на жената, 21 Март денот на Пролета, Велигденска работилница, Велигденски базар,Проект традиција и Проект Патот на медот,Посета на село Чучер, Посета на ординација по општа медицина и стоматолошка ординација, завршна приредба за испраќање на првачиња во кои што учество земаа и самите родители. Писмено информирање за настанатите случувања во објектот споделување на фотографии и видеа од игровни активности преку вибер и социјални мрежи со претходно добиена писмена согласност од самите родители.

**5.6 Стручно усовршување на воспитувачите и негователите**

- Практична примена на дневните активности во воспитно образивната работа со деца.од 2 до 6 години со помош на литература- Едука Мак 15,16.09. 2023 година- Охрид
- Функционален процес на оценувањето на давателите на услуги во установите на децата- Коучинг- Н 28.09.2023 година, зоом платформа
- Инклузија и средина за учење МТСП, Меѓународна банка 09.10.2023 година- Велес
- Вербална и невербална комуникација во предучилишното образование – Научен институт за привремени истражувања и бизнис 21.10.2023 ,година, зоом платформа.
- Инклузија и средина за учење 20,21.11.2023 и 11,12.12.2023 година- МТСП, Меѓународна банка ,Скопје
- Презентација на проект „Традиција„13.12.2023 година- ЈОУДГ„11 Октомври „- Бутел
- Улогата на негователите во раниот детски развој на децата во градинката 05.02.2024 година- Коучинг- Н – зоом платформа

- Препознавање на семејна траума во училница , поддршка и разбирање- Научен институт за привремени истражувања и бизнис 23.03.2024 година, зоом платформа
- Инклузија  и средина за учење 08,09,11,12.04.2024 година- МТСП, Меѓународна банка ,Скопје
- Втор стручен собир –презентирање на трудови на детски градинки 25,26.04.2024- Коучинг Н- Битола , Зоом платформа
- Со цветот поубав е светот презентација на проект –ЈОУДГ„11 Октомври„- Бутел , Скопје
- Презентација на проект „Нашата Богата Традиција„- ЈОУДГ„ МИЛО МОЕ - Чучер Сандево.15.05.2024, Чучер Сандево
- Презентација на проект „Патот на медот„- ЈОУДГ„МИЛО МОЕ„- Чучер Сандево 29.05.2023 – Чучер Сандево

### 5.7 Здравствена заштита на деца

Здравственото воспитување и згрижување на децата е од големо значење за нивниот правилен психофизички развој.Затоа во објектот посеебно внимание се посвети на здравствената заштита на децата.Се потикнува секојдневното културно-хигиенски навики, редовна деинфекција на игровниот материјал,редовно менување на постелина,редовно проветрување.Децата престојуваат на чист воздух.

Реализација на антрополошко мерење на децата (висина тежина)два пати во текот на годината.

Во месец март на ниво на град Скопје се појави Епидемија на Голема кашлица во народот позната како Магарешка кашлица, имавме во неколку наврати инспекции од Центар за Јавно Здравје, постапено по нивните насоки ,без некои отстапувања од календарот за имунизација, имаше спорно 3 дечиња кои доцннеа со таа вакциина и за тоа време не посетуваа градинка , но откако се имнизираа се вратија во градинка.

Во градинката се обезбедени потребните мерки , активности и постапки односно наравена е дезинфекција , дезинсекција и дератизација на целиот објект ,на секои 6 месеци во месец септември и месец февруари, Во месец мај од страна на Цнтарот за Јавно здравје е направена редовна

инспекциска контрола . Од страна на инспекторите сме пофални за целата организација и хигиена во градинката .

## 6 .РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА ДИРЕКТОРОТ

Активностите на директорот во програмската 2023/2024 година беа во насока на реализирање на програмските определби и цели на градинката исто така во делот на своите активности максимално се раководеше од потребите на градинката , додека посебен акцент се даде и на потребите на вработените ,децата родителите и локалната средина.

Во доменот на своите задолженија како и во согласност со поставените цели имаше активности во креирање на подобри услови кој овозможуваа целосно имлементирање на воспитно обазовната работа која што е предвидена со годишната програма за работа за период од 2023/2024годиина .

За таа цел директорот имаше активен пристап во поглед за набавки за тековно, инвестиционо одржување на објектот набавки на матријали за воспитниот кадар набавка на дидактички и надгледни матријали , набавка на играчки , набака на стручна литература , учество во креирање на програма за стручно усовршување на вработените на ниво на установата како и во конкретна реализација на теми во доменот на стручното усовршување на воспитно-згрижувачкиот кадар во установата , примена на современи средства и методи за работа со децата , следејќи ги педагошките трендови како и на афирмација на градинката преку реализација на манифестација .

**Во текот на програмската 2023/2024 година директорот ги реализираше следниве активности**

- ✓ учествуваше во изготвување на годишната програма за работа на градинката како и развојната програма на градинката
- ✓ Учествува во изготвување на Годишниот извештај за работа
- ✓ Учествува во формирање на воспитните групи , зеднио со комисијата за прием , почитувајќи го правилникот за прием на деца

- ✓ Даваше стручна помош во планирањето и програмирањето на работа на стручниот совет на градинката , следење на соочување , поттикнување и кординирање сои неговбата работа.
- ✓ Вршеше посети на воспитните групи, комуницирајќи и соработувајќи непосредно и блиску со вработените, притоа навремено согледувајжи ги решавајќи ги сите новонастанати сосотојби во објектите секојдневно во работа и комуникација на тријаголникот воспитувач- дете- родител, негувател- дете- родител.
- ✓ Ги подготвуваше и учествуваше на состаноците на заедничката кординација со стручниот тим, советот на воспитувачи и његователи
- ✓ Во реализирање на програмата за стручно усовршување во градинката за 2023/24 година со давање насоки за подобрување во евиденција и контрола насобрани средства на корисници и услуги.
- ✓ Остваруваше задолжителни разговори консултации , советувања со вработените со цел да се подобрат констатираните недостатоци да се унапреди дејноста
- ✓ Присуствуваше на сите седници на управниот одбор , ги информираше членовите за актуелни состојби за целокупната работа и се ангажираше за спроведување на донесените одлуки и заклучоци
- ✓ Учествуваше во изготвување на годишниот финасов план за 2024 , месечни, квартални финасови планови, годишниот план за јавни набавки, проширување и ребаланс на финсов план, го организираше и контролираше административното финасово и матријално работење согласно законските прописи.
- ✓ Учествуваше во изготвување на листата на исхрана за деца од градинка со цел истат да ги задоволи ноормативите и стандардите предвидени за исхрана на деца од предучилишна возраст а вио соработка со стручни лица од мтсп и цнтарот за јавно здравје на РСМ како и водеше грижа за целокупната здравствена заштита и превентива, ја следеше , и анализораше месечната потрошувачка за исхрана на децата во соработка со матријалниот и финасискиот сметководител.

- ✓ Го изготви годишниот план за вработување во јавниот сектор 2024 година со упатства добиени од МИОА
- ✓ Соработуваше со МТСП преку подготовка и достава на податоци како и размена на искуства во насока за подобрување на квалитетот во организација на воспитно згрижувачката дејност .
- ✓ Превземаше бројни активности по добиени упатства и препораки од страна на центарот за јавно здравје министерство за здравство и МТСП.
- ✓ Обезбедуваше донации де децата од градинака
- ✓ Активно ја следеше реализацијата на воспитно- згрижувачката работа и воспитно- згрижувачкиот кадар.
- ✓ Даваше стручна помош и активно соработуваше во насока на успешно и нормално фукционирање на објектот и дејноста на установата.
- ✓ Присуствуваше на повеќе работилници организирани од МТСП и УНИЦЕФ и посетуваше обуки
- ✓ Имаше соработка со родителите вклучувајќи ги и најадекватните форми на соработка, ги вклучуваше родителите во оделни активности за подобрување на условите на работа.
- ✓ Блиска соработка со училиштата на општина Чучер Сандево
- ✓ Соработка со стручните институции од локалната средина

**Реализирани активности за подобрување на условите во детската градинка**

- Релизирање на јавна набавка за прехрамбени производи
- Набавка на кујнски апарати
- Набавка на униформи и кломпи за вработени
- Набавка на матријали за облека за дечињата за манифестации(маички, сукњи)
- Привремени вработувања
- Набавка на дидактички и канцелариски матријал
- Отворен паркинг простор за вработените и родителите

## 7. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ

- Изготвување годишен план и програма
- Изготвување годишен извештај
- Изработка на списоци за прием на деца
- Инструктивна работа на кадаот во непосредната работа со децата и унапредување со истата
- Увид во секојдневната работа  на воспитнозгрижувачкиот кадар за да може континуирано да го следи ,напредувањето во осознавање на дадена тема кај децата .
- Следење и унапредување на документација и евиденција која претставува законска обврска за секој воспитувач и неговател
- Учество во изработка на програми и планови за работа на стручниот совет, совет на воспитувачи, и советот на негователи
- Перманентно учествува во планирање на темите на годишно и месечно ниво и изготвување на матријали за стручно усовршување на кадарот
- Оранизација во однос на тематското планирање на воспитно-образовната работа на летни проекти активности
- Нова изработака на прегледи, информации, извештаи и предлог мерки за реализирање на целокупната воспитно образовна рабоота.
- Аналитичко истражувачка работа, изработка на палн на индивидуална работа со деца
- Секојдневан консултација  и соведовна работа при прием и испис на дете

- Учество при планирање и организирање нма групни и индивидуални состаноци со родители за промовирање на градинката и на програмата за работа од страна на воспитувач и негувател
- Индивидуална работа со одредени родители во согласност со пројавени социјални проблеми
- Ангажирање на родителот за активности во домот со цел стимулирање на развојот на своето дете , упатување на родителите за понатамошни следења на детето во соодветни институции со цел да се види причината за било какво отстапување во говорот
- Проучување на литература , учество на семинари усовршување за одбирање на соодвветни методи за работа, консултации , предавања , стручни активности и работилници
- Соработка со сектор за образование , предучилишно воспитание , култура и спорт на општина Чучер Сандево
- Соработака со предучилишни установи
- Соработка со основни училишта на просторот на општината
- Соработка со културни институции и организирани разни посети по разни поводи

Во текот на изминатата година се реализираа неколку јавни настани на кои беа присутни гости од Општината МТСП,  родители, управен одбор и одборот на родители.

- Еден од најважните настани за градинката беше одбележувањето на прввиот роденден на градинката  во кој стручниот работник имаше дирекно учество во смислувањето на концептот на свечениот програм. На самата манифестација од страна на сите дечиња во градинката имаше приготвено приредба со рецитал и музичка кореографија.
- Новогодишна приредба , диектно учество смислување на текст за театарската претстава
- Приредба по повод денот на жената 8ми март во кој учество земаа сите деца од градинката со драмтизација , рецитал и музичка кореографија, делење на честитки на гостите односно мајките ,

**7.1 Соработка со Центарот за јавно здравје-Скопје** преку планирање и реализација на **санитарни прегледи** на вработените и тоа

-Главна кујна и помошни кујни со извршени санитарни прегледи два пати во текот на оваа година септември и февруари , односно ноември и мај месец .

-Санитарен преглед за сите вработени од се извршени во месец септември и ноември прегледани беа 14 лица.

**7.2 Исхрана на децата**

Во рамките на Националната годишна програма за Јавно Здравје на РСМ е предвидено следење на биолошката вредност на исхраната на децата во предучилишните установи,а со цел превенција на болести поврзани со неправилна исхрана.Листите-менито за јадење се изготвувват секој месец и во нив се запазуваат продукти кои се пропишани според годишната програма.

- Соработка со Агенција за храна и ветеринарство која врши увид во исправноста на храна и почитување на НАССП принципите при подготвување на храната.
- Континуирано следење на работата во главна кујна и контрола на чек листите во кои вработените го бележат секојдневното работење покрај вообичаените листи по НАССП.

**7.3 Извештај за работа на стручните тела**

Во ЈОУДГ„МИЛО МОЕ„- Чучер Сандево согласно Законот за заштита на децата и статутот се формира следните стручни органи:

- Управен одбор, стручен совет, совет на воспитувачи, совет на негователи, совет на родители
- **Управниот одбор** на градинката е составен од 7 члена и тоа 2 претставници од основачот еден преставник од општина Чучер Сандево , еден претставник од установата , два претставници

од родители на деца и еден претставник од МТСП. Управниот одбор на градинката МИЛО МОЕ на своите состаноци редовно предлагаше и носеше одлуки за годишна програма за работа , извештај за работа на градинката , финсиски план, план за јавни набавки , годишна сметка , акт за внатрешна организација и систематизација на работните места во установата , како и разгледуваше и одлучуваше за други работи утврдени со закон.

- **Стручен совет** го сочинуваат вработените кој вршат стручна работа и остваруваат дејноста во установата и директорот , со стручниот совет раководи директорот. Стручниот совет во текот на извештајната година работеше на следниве задачи, остварување на програмата за работа, учествуваше во формирање на воспитнообразовни групи , учествуваше во планирање , на воспитно образовна работа, спроведуваше новини во работата, учествуваше во сите сегменти , во реализација на програмата за стручно усовршување на воспитнозгрижувачкиот кадар и ја афирмираше градинката преку учество на манифестации, учествуваше во комисијата за следење на електронско следење на педагошка документација и евиденција, соработуваше со МТСП и други дејности од дејноста, учества во тековни подготовки за сценарија, кординирање со работни групи и други работи утврдени со статутот.
- **Совет на воспитувачи** го сочинуваат воспитувачите, стручниот тим и директорот на градинката . Во текот на годината советот на воспитувачи редовно се состануваше еднаш месечно а по потреба и повеќе пати во зависност од активностите во градинката. Во текот на годината советот на воспитувачите ја унапредуваше воспитнозгрижувачката работа во соработка со негователките . Секојдневно ја реализираше воспитната работа со деца , континуирано работеше на усовршување на воспитно – образовниот процес и следење на стручна литература. Учствува на стручни семинари и обуки, ја развиваше меѓусебната комуникација со родителите , со предлози и идеи

учствуваше во оплеменување , урдување на ентериерот во занималната и градинката вршеше евалуација евидентирање , пренесување и размена на искустав од непосредна работа со деца . Со идеи и предлози учествуваше во креирање на месечни тематски планови, по возрасни групи континуирано водеше педагошка евиденција во хартиена и електронска форма,активно уествуваше во рамките на воспитната група во реализација на приредби прослави, работилници, куклени престави и во реализација на планираните проекти.

- **Совет на негователи** го сочинуваат негователите ,стручниот тим и директорот на градинката . Советот на негователи редовно се состануваше во текот на годината ,советот на негователи редовно водеше евиденција на деца редовно се грижеше и контролираше здравствената состојба на децата како и превземаше превентивно здравствени мерки , помагаше во реализација на проектните активности, присуствуваше на стручни теоретски предавања , се залагаше за подобрување на условите и хигиената на просториите за престој на децата.
- **Советот на родители** беше континуирано известен за сите новини, потреби и носеше одлуки за организација на активностите во детската градинка. Стручните органи во воспитна година се состануваат во согласност со потребите, за иницирање на активности и решавање на определени прашања.

## 8. МАТЕРИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ФИНАНСОВО ОДРЖУВАЊЕ

ЈОУДГ МИЛО МОЕ-Чучер Сандево во врска со финансовата и материјалната политика на работа во текот на 2023-2024година се состоеше од некои сегменти и тоа

- Финансова и материјална политика во насока на обезбедување на редовна и квалитетна исхрана за децата кои ги згрижуваме.
- Установата во текот на целата година големо внимание посветува на реализација на текот и постапката на прибирање на средства од родителите кои по пат на уплатници треба да ги подмират обврските за престој на нивните деца, но се јавува проблем од аспект на нередовно плаќање на обврските кон установата.
- Навремено обезбедување на овие средства е непосредно поврзано со задоволување на потребите за квалитетна исхрана на децата за што сметаме дека е на едно високо ниво.
- Децата добиваат појадок,прва овошна ужинка,главен оброк и втора ужинка.
- Постојано сме во комуникација со институција чија што работа е непосредно врзана со добрата и квалитетна исхрана на децата што секако ни дава голема помош во насока на тоа да можеме да одлучиме што е тоа најдобро и најквалитено кое би го понудиле на нашите деца.
- Установата во текот на годината одвојуваше доволно средства со цел да обезбеди редовна и квалитетна исхрана за децата
- Финансова и тековна политика во насока на тековно-инвестиционо одржување на објектот

### a. Материјални трошоци

Материјалните трошоци на установата се потреби кои се јавуваат во секојдневното работење и кои се трудиме максимално да ги задоволиме се разбира во рамките на потребното и реалното.

Имено во рамките на материјалните трошоци кои установата може редовно и без никакво доцнење како и за се друго го подмирува по однос на добавувачите.

Во текот на годината се појавуваат следниве материјални трошоци за набавка на

-средства за хигиена

-канцалариски материјал

-комунални трошоци (струја вода телефон ѓубретрина )

-одржување на информатичка опрема,софтвер,компјутерска мрежа

-храна

-санитарни прегледи

-систематски прегледи на вработени

-кујнска опрема

-осигурување на објект

-ситен инвентар

-одржување на ПП апарати

-тонери

-семинари,обуки,работилници за усовршување на кадарот вработен во градинката согласно законските прописи

-Донација на садници и цвекиња од ЈКП "Скопска Црна Гора"и Партизански Дом Сандево Дом на култура- с.Мирковци кои се засадени во нашиот објект.

**9.Финансов план за приходи и расходи**

Во делот на финансите ќе истакнеме дека градинката располага со 3 вида на сметки за кои на крајот на годината се изготвува Годишна сметка за остварен приход и реалзирани активности.

Износ за престој на дете во установата за целодневна програма и понатаму останува ист 1490 денари(непроменета цена од 2004).Нашата установа со одлука од Општина Чучер Сандево воведе ослободување од партиципација за социјално загрозени семејства .Под овие услови беа ослободени едно семејство односно 1 дете. Исто така општината донесе одлука родителите да бидат ослободени од трошокот за материјалот потребен за работа со деца во воспитно образовната група и хигиенски пакет потребен за одржување на хигиена на децата.

Тие сметки се

-Самофинансирачка сметка,сметка на градинката каде приходите доаѓаат од месчните аконтаци од престојот на деца.

-Буџетска сметка (Сметка од Министерство која е наменета пред се за плати комунални услуги )

-Сметка на буџетот на општина Чучер Сандево која е строго за наменски потреби.

**САМОФИНАНСИРАЧКА СМЕТКА**

Ова сметка се состои од средства кои се планирани за голем број на конта распоредени согласно контниот план за јавните установи и се распоредени во соодност 65% за храна и остатокот за други тековни активности (Канцелариски матријали, средства за хигиена, образовен матријал, кујнска и друга опрема, осигуривање на објект, обувки и униформи за работа, дидактички матријал и информатичка опрема, медицински матријал, поправка на опрема, семинари и конференции , ситен инветнтра и др).

**Прехрамбени производи** се основната ставка за која секоја година се одвојува најголем дел од Аконтациите на децата. Оваа година се издвоени 1.400.000 денари

**БУЏЕТ НА НАМЕНСКА СМЕТКА**

Оваа сметка е строго наменска сметка од кои се исплаќаат плати на редовно вработените и фактури за комунални услуги и други работи неопходни за непречено одвивање на работат во градинката(водовод, канализација , телефон

и телефакс, канцелариски матријал,, средства за одржување на хигиена, други договорни услуги.)

Во текот на 2023/ 2024 година финасискиот план не беше доволен за потребите на градинката. Општина Чучер Сандево издвои средства потребни за непречено одвивање на работата во градинката

<u>**СМЕТКА НА БУЏЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**</u>

Што се однесува до ова сметка Општината Чучер Сандево издвои 2.420.000, ооилјади денари за потребите на градинката (фактури високи за електрична енергија, (Канцелариски матријали, средства за хигиена, образовен матријал, кујнска и друга опрема, , дидактички матријал и информатичка опрема, медицински матријал, поправка на опрема, семинари и конференции , ситен инветар, одржување на згради , други договорни услуги и др и др).

.

**10.ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Согласно Законот за заштита на децата (Службен весник бр 23/13, 12/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и 104/19)восење на педагошка евиденција и документација е задолжителна оврска се спроведува во детската градинка се спредува преку

- Водење на дневник за работа за секоја воспитна група во која се раеализира воспитно- образовната работа.
- Прозивник за присуство на деца во 4 групи.
- Главна книга во која се евидентира запишување на селое дете во градинка
- Дневник за воспитна установа
- Досие за секое дете.

Воспитувачките задолжително подготвуваат дневни планирања кој за секоја група одделно , во кој се води сметка за можностите и интересите на децат и дооаѓа до израз и креативност на воспитувачите. Во нив се

планираат содржините , надгледните средства кои ке се користат, работните матријали и текстови од литература кој ја поседува детската градинка. Негователките во групата ги планираат слободните активности кои беа насочени кон реализација на игри , развивање на хигиенски навики кај децата , помош во адаптација, ориентација во простор.

## 11. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРИОРИТЕТНИТЕ ЗАДАЧИ

Во годишната програма за 2023/2024 година на ЈОУДГ„МИЛО МОЕ„-Чучер Сандево беа поставени приоритетните задачи .Сите приоритетни задачи се реализирани и тоа

- Почитување на куќниот ред на градинката и обезбедување здрава средина за дечињата
- Во тековната 2023/2024 година финасовото работење беше насочено кон реализација на планираните финсиски средства за потребите на градинката, следење на законитоста и финасиското работење, финасиски активности за тековно одржување на објектот , опремата и дворните површини.
- Обезбедување на стручна доедукација на персоналот во детската градинка
- План и програма за јавни набавки.

Годишната програма за работа на градинката 2023/2204 во целост е остварена со големо залагање и одговорност на сите вработени. На сите деца им обезбедивме правна нега и грижа, здрава и топла средина за престој , квалитетна исхрана, квалитетно воспитание и образование согласно програмата за рано учење и развој.

Сето ова го оствaривме бидејќи во градинката се покажа голема одговорност кон работните задачи , трпеливост и почит кон родителите , меѓусебна почит и љубов кон професијата и децата Согласно програмата за рано учење и развој дел од дечињата ги потготви за училиште и за успешно вклучување во основно образование.

Во воспитната година 2022 беше извршен редовен инспекциски надзор од МТСП, надзорот беше на уште не отворена градинка и од нивна страна немаше утврдено неправилности или попусти само беше побарано да доставиме листа на јадење, одлука од советот на општината за работно време, одлука од управен одбор и советот на општината за Годишниот план за работа и одлуки за систематизација и организација на градинката.

Во воспитната 20203  година беше извршен редовен инспекциски надзор од Државен Архив на Република Северна Македионија и од нивна страна немаше утврдено неправилност и пропусти, добивме само насоки за идно и правилно водење на архивата.

Во 2024 година се извршени два вондредни инспекциски надзори од страна на Центар за Јавно Здравје- Скопје , по прогласуцање на епидемијата со големата кашлица – Магарешка кашлица, постапено по одлуките и решенијата од нивна страна, без никаки забелешки и примедби.

Во 2024 година се изврши редовен  санитарен инспекциски надзор од страна на Центарот за Јавно Здравје , немаше утврдено неправилности , само пофални зборови и насоки за успех во работата.

Во месец Јануари во соработка со МТСП се спроведе истражување кое имаша за цел мерење на постигнувањата во раното учење и квалитет на излезни резултати.Во ова истражување беа вклучени деца од 3 – 6 години , како и нивните родители. Ова истражување  вклучува пакет од 6 алатки , во два модули дизајнирани за мерење на равојот на учењето на децата  и квалитетот на средината за учење. Првата фаза на истражување е модулот на алатки која врши проценка на раното учење и развој преку 1.(дирекна процена на децата) и 2.(анкеѕи на родители и воспитувачи) тоа е рамка за мерење и алтка дизајнирана за проценка за подготвеноста на децата за училиште.

Втората алатка врши проценка на околината за рано учење преку 1(набљудување во занималната) 2.( анкети на воспитувачи, родители , дирктори). Податоците служеа за создавање на поцелосна слика за детскиот развој и околината за учење преку повеже индикатори.

## 12. Заклучно согледување

Раното детство е важно за севкупниот развој за личноста тероите и истражувањата укажуваат на значењето на раното детство за интелектуалниот емоционалниот и социјалниот развој а со тоа и на важноста на организираното создавцање за услови за тој развој.

Еден од најважните сегменти на кој треба да се посвети внимание на работата со деца е да се создаде стимулативна средина исполнета со спокојство , среќа и посветеноста на вработените и децата за успешна реализација на активностите кој ќе му овозможат стекнување знаење и вештини , применливи во понатамошниот развој.

Тоа не ги исклучува родителите и семејствата , напротив ги вклучува како партнери за насочувањето на развојот , воспитанието и образованието на децата.

Бр 01_________/__________
_____________________.2024 година

Бр 02_________/__________
_____________________.2024 година

ЈОУДГ„МИЛО МОЕ„- Чучер Сандево
Директор
Ирена Пигуловиќ

ЈОУДГ„МИЛО МОЕ„- Чучер Сандево
Претседател на Управен одбор
Сашо Кајсторовски